

Македонија е библиска земја. Таа е првата земја на европска почва во која апостолот Павле заедно со апостолите Сила, Тимотеј и Лука меѓу 51 и 54 г. го посеал семето на христијанството, а Лидија од градот Тијатир која тогаш престојувала во Фили-пи, е првата македонска, па и европска христијанка.

***Иван Здравески***

Меѓу градовите што од времето на најраното христијанство ја носат Христовата светлина и Божјото слово е и Охрид. Македонската православна црква се гордее со своите корени кои допираат дури до X в., кога Охридската епископија добила ранг на архиепископија. Црквата на св. Климент, тој храм на љубовта, доброто и мирот, живее до денес. Таа во својата бурна, илјададгодишна историја бележи високи дострели, подеми, длабоки кризи, негирања, укинувања, но и повторни оживотворувања, воскреснувања.

**НАСТАНОК**

Охридската Архиепископија произлегла од Прва Јустинијана, која претставува континуитет на апостолската Црква на територијата што денес се наоѓа под јурисдикција на Православната Охридска Архиепископија. Секако историјата на Црквата за споменатите простори не го изостава фактот дека територијата на која подоцна ќе се протега Охридската Архиепископија била во составот на Првото бугарско царство. Во времето на бугарскиот цар Борис (Михаил, 852-889), во Охрид доаѓаат светите Климент и Наум, учениците на словенските просветители Методиј и Кирил. Царот им дал добри услови за работа и тие токму од Охрид ја оствариле својата мисија меѓу Словените. Климент бил хиротонисан за Епископ со седиште прво во Струмица, а потоа во Охрид, а Наум основал општожителен манастир на брегот на Охридското Езеро. Во Охрид бил основан првиот словенски универзитет, кој бил под директно раководство на светиот Епископ Климент.

Факт е дека Охридската Архиепископија се појавила во Западното бугарско царство, формирано од Самуил (976-1014). Исто така, факт е дека бугарскиот доростолски Патријарх, преселувајќи се, стигнал до Охрид. Но, сето ова не дава доволна еклисиолошка поткрепа за да се смета дека Охридската Архиепископија е континуитет на Бугарската Патријаршија со седиште во Доростол. Постојат размислувања дека со преселбата на доростолскиот Патријарх се преселувала и Патријаршијата и стигнала до Охрид. Но, за оној што ја познава еклисиологијата на Православната Црква, јасно е дека не е можно со просто преселување на некој Епископ, па нека е тоа и Патријарх, тој да ги стекнува правата на јурисдикција над народот во тие места, без притоа истиот да добива постојана потврда од Синодот на Црквата дека му дава јурисдикција над паствата во областа каде што се преселил, а истовремено да му ја отповикува јурисдикцијата на Епископот кој до доаѓањето на Патријархот ја имал јурисдикцијата над таа територија. Следствено, неможно е поради селењето на Патријархот во услови на нужда, да се селела и Патријаршијата. Дури и во случај заедно со него да се селела администрацијата на Патријаршијата, ни тоа не е доволен доказ за да се рече дека се селела Патријаршијата.

Архиепископија или Патријаршија е таму каде што е првата катедра на Црквата. Таа навистина може да биде во секое место каде што ќе одлучи Црквата, иако најпрепорачливо е да биде во административниот центар на областа, но воопшто не е исто дали ќе биде во Доростол или во Охрид. Тоа се две различни помесни Цркви, составени од различни луѓе, различно свештенство и освен тоа што се географски оддалечени, далечни се и по културата и обичаите. Едноставно речено, иако Црквата е една, Доростол и Охрид се две различни помесни Цркви. Дури и да се прифати теоретската можност дека доростолскиот Патријарх селејќи се дошол до Охрид, тоа не е никаков доказ дека ја пренесол во Охрид Бугарската Патријаршија. Охридската Црква не е иста со доростолската. Секако дека тоа не ја исклучува можноста Доростол еден ден да го загуби црковниот примат, како што и се случило, а Охрид пак да го добие. Но, од црковен или еклисиолошки аспект, тоа не е иста помесна Црква - иако и двете Цркви се Една, Света, Соборна и Апостолска Црква.

Можеби некому ќе му се чини дека претходно напишаното има пропагандна тенденција да ја омаловажи врската меѓу Бугарската Патријаршија и Охридската Архиепископија. Овде воопшто немаме цел да докажуваме дека Охридската Архиепископија не била и Бугарска Црква. Историски е недвосмислено дека многу Охридски Архиепископи се титулирале како Архиепископи и на цела Бугарија. Исто така историски е непобитно дека бугарскиот Патријарх преселувајќи се од Доростол, преку Средец, Меглен и Воден, стигнал до Преспа. Претходниот еклисиолошки осврт има сосем друга намера. Со него се дава едно еклисиолошко толкување на историскиот факт за преселбата на доростолскиот Патријарх. Според православното црковно учење за структурата на Црквата, неможно е да се прифати теоријата дека со селењето на доростолскиот Патријарх се преселила и доростолската Патријаршија во Охрид. Во спротивно, ако на

историскиот настан на преселбата на доростолскиот Патријарх му се даде потврда од црковен карактер, тогаш православната еклисиологија по ништо нема да се разликува од римокатоличката. Според неа, Папата е над другите Епископи, па ако тој едно време се преселил во Авињон и логично е да не можел повеќе да биде римски Епископ, сепак останал надреден над другите Епископи само заради тоа што е Папа. Според наше убедување, тоа е крајно неприфатливо од аспект на православното толкување на Црквата, според кое полнотата на Црквата е и во нејзината помесна соборност (католичност), а не исклучиво во нејзината вселенска соборност. 1

Така, не занемарувајќи го фактот дека бугарските Патријарси биле признати со титула Патријарх во Самуиловата држава, како и тоа дека во времето на неговото владеење патријаршиската катедра била пренесена од Преспа во Охрид, треба да се каже дека тие Патријарси, по нивното заминување од Доростол, никогаш веќе не биле признавани со титула Патријарх, ниту од Константинополската Патријаршија, ниту од византискиот цар.

Во 995г. под јурисдикција на Епископот на Преспа, кој во Западното бугарско царство на Самуил бил рангиран како Патријарх, биле следниве Епископии: преспанската, деволската, кефалониската (главеничката), ираклиската (пелагониската), морозвидската, мегленската, тивериополската (струмичката), вериската и сервиската, лариската, навпактоската, дирахиската (драчката), скопската, липљанската, призренската, рашката, сремската, белградската, браничевската, видинската, на Триадица или средешката, нишката, велбушката и преславската - за подоцна, во времето на Василиј II Бугароубиецот (976-1025), по издавањето на трите негови хрисовули за самостојноста на Охридската Архиепископија, вкупниот број на епархии, кои биле под јурисдикција на Архиепископијата, да се намножи до 32.

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ДО ДОАЃАЊЕТО НА ОСМАЛИИТЕ НА БАЛКАНОТ.

За година на востановувањето на Охридската Архиепископија ја сметаме 1018, кога византискиот цар Василиј II Бугароубиецот по поразот што му го задал на Самуила и ги освоил териториите кои биле под јурисдикција на Патријархот со седиште во Охрид. Тој издал три повелби со златен царски печат (хрисовули), со кои била регулирана правната положба и јурисдикцијата на Архиепископијата. Во првата повелба, Јован (1018-1037) се нарекува Архиепископ. Таа титула ќе ја носат и неговите наследници сѐ до укинувањето на Охридската Архиепископија во 1767г. Во оваа повелба се наброени Епископиите што припаѓале на Архиепископијата и бројот на клирици и чиновници на секоја од нив. Од

повелбите на Василиј II Бугароубиецот, се гледа дека Охридската Архиепископија ја заштитил од надворешни и внатрешни влијанија, така што црковните лица биле ослободени од некои издатоци и даноци.

Заради претходно кажаното, се придружуваме кон оние што сметаат дека Василиј II Бугароубиецот го основал издавањето на неговите познати три хрисовули, за автокефалноста на Охридската Архиепископија врз основа на 11. и 131. новела - издадени од царот Јустинијан I, а во врска со автокефалноста на Прва Јустинијана, а не врз спекулациите дека Охридската Архиепископија е континуитет на Бугарската Патријаршија од Доростол.

Првиот Архиепископ Јован I веројатно е роден во селото Агноандики-дебарско, а се замонашил во манастирот Света Богородица во Дебар. Бил човек со многу таланти и како таков бил почитуван од народот.

Бројот од 32 Епископии, колку што вкупно броела Архиепископијата по трите хрисовули на царот Василиј II, често се менувал во зависност од менувањето на политичката власт во регионот. Седиштето на Архиепископијата, како и повеќето од епархиите, се наоѓале на територијата на географска Македонија. За начинот на избор на Архиепископ во повелбите не е кажано ништо, но според некои историчари, се смета дека охридскиот Архиепископ бил биран од Синодот на Охридската Архиепископија, а потоа потврдуван од византискиот цар.

Сепак, во средниот век не треба да бараме примери на автокефалија или автономија од типот на оние во XIX век. Автокефалијата или автономијата во еклисиологијата на Православната Црква не значат потполна самоуправа до степен на разделеност, туку немешање во работите на една локална Црква додека од неа преземените работи не ја засегаат некој друга локална црква. Што значи, извесен степен на автономија, односно автокефалија, има секоја Епископија, но дури и една цела Патријаршија не може да прави нешто што се спротивставува на единството на локалните Цркви, без разлика на нејзината самоуправност. Тргнувајќи од таквата еклисиолошка и канонска поставеност на Црквата, охридскиот Архиепископ (иако имаме докази дека неговата Црква била автокефална) учествувал на седниците од Синодот на Константинополската Патријаршија и неговото место било веднаш по Патријархот. Познат е еден спор на Архиепископот Теофилакт (1084-1108) со константинополскиот Патријарх околу изградбата на ставропигијален манастир во Кичево. Тој му пишува на халкидонскиот Епископ, кој бил многу близок со Патријархот, дека Охридската Архиепископија е автокефална и Патријархот нема право да ракополага во неа. Исто така, како што е

познато, кога на Охридската Архиепископија бил Архиепископ Јован Комнен (1143-1160), на Константинополскиот собор 1143г. не седел заедно со другите Епископи, туку седел до Патријархот, како и на соборот против еретикот Сотирих во 1156г., односно 1157г., кога седел каде што седеле Патријарсите - пред кипарскиот Архиепископ. Во соборските акти се потпишувал веднаш под Патријарсите.

ПРОДОЛЖУВА...